ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за внатрешна ревизија**

Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност

Број 60-01/14
22.03.2022 год.

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

За извршената ревизија на следење на извршувањето на препораките презентирани во Конечниот ревизорски извештај бр.60-01/14 од 14.04.2020 година од извршената ревизија на системот на внатрешна контрола на процесот на прибирање на приходи во Општина Битола

Битола, март 2022 година

## СОДРЖИНА

Извршно резиме........................................................................ 3
1. Вовед........................................................................................ 7
2. Опфат на ревизијата ................................................................ 8
3. Пристап на ревизијата............................................................. 8
4. Интерни контроли во процесот .............................................. 9
5. Статус на препораки ............................................................... 10
6. Системски слабости ................................................................ 22
7. Клучни наоди од ревизијата на следење на препораките ........ 23
8. Оценка на дизајнот на контролниот систем и ризиците .......... 26
9. Мислење .................................................................................. 26
Прилози:
- Акциски план
- Забелешки на претходниот ревизорсаки извештај од помошникот раководител на сектор за финансиски прашања
- Забелешки на претходниот ревизорски извештај од раководителот на одделението за администрирање на приходи

Бр.60-01/14
22.03.2022 год.

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

1.1. Предмет на Конечниот извештај е извршената ревизија на следење на извршувањето на препораките презентирани во Конечниот ревизорски извештај бр.60-01/14 од 14.04.2020 година од извршената ревизија на системот на внатрешна контрола на процесот на прибирање на приходи во Општина Битола. Со ревизијата опфатени се даночните приходи кои општината ги остварува врз основа на Законот за комуналните такси. Ревизијата е извршена согласно годишниот план за извршување на внатрешна ревизија на Општина Битола за 2022 година.

1.2. Цел на ревизијата од точка 1.1 е да се утврди дали се преземени соодветни мерки и активности за спроведување на препораките дадени за подобрување на ревидираниот процес и да го оцени ефектот од преземените активности. Ревизијата изврши оцена на соодветноста и ефективното дејствување на интерниот контролен систем во сите материјални аспекти, како основа на регуларно, комплетно, навремено и сеопфатно прибирање на приходите на општината.

1.3. Во 2020 година беше ревидиран процесот на администрирање на комуналните такси за периодот од 2018 до 2019 година. Утврдени се неправилности кои се однесуваат на наплатата на приходите по основ на комунални такси и усогласеност со законските прописи:

- Доставата на решенијата за комунална такса за истакување на фирма не се извршува до 31 март во годината. Најголемиот дел од решенијата се доставуваат во периодот од април до септември. Недоставените решенија кои изнесуваат 30% од вкупниот број на решенија се огласуваат на огласната табла на општината во последната недела од годината. Со ваквото постапување не е овозможена навременост и целосност на доставата, а тоа влијае на наплатата на комуналната такса за истакнување на фирма;

- Во 2019 година не се доставени писмени опомени на даночните обврзници за плаќање на даночните долгови. Тоа ја нарушува регуларноста на процесот на администрирањето на комуналните такси и влијае негативно на остварувањето на приходите од комуналните такси на општината, поточно на навременото и целосното остварување на приходите. Ваквата состојба во крајна линија негативно се одразува на навременото плаќање на обврските на општината и навременото исполнување на оперативните активности на општината;

- Не се спроведува наплата на пристигнатите даночни долгови по присилен пат (присилна наплата). Неспроведувањето на присилна наплата на пристигнатите даночни долгови ја нарушува регуларноста на процесот на наплата на комуналните такси и влијае на навременоста и целокупноста на остварувањето на приходите на општината од комуналните такси. Ризикот од неостварување на приходите од комунални такси заради неизвршување на присилна наплата е висок заради застарувањето на правото на наплата на комуналната такса за две

години по истекот на годината во која требало да се изврши утврдувањето на таксата, согласно член 8 од Законот за комуналните такси;

- Постои недоволна кадровска екипираност на одделението во делот на наплатата на даночните долгови од комуналните такси;

- Во електронскиот систем во кој се води базата на подататоци за обрзниците на комуналните такси не е овозможено да се евидентираат подататоци за времето на извршената достава на писмени опомени. Ваквата состојба го оневозможува следењето на навременото плаќање на даночните долгови од даночните обврзници и влијае на навременоста и целосноста на остварените приходи од комунални такси на општината;

- Побарувањата за комунални такси кои потекнуваат од претходни години не се искажани во финансиските извештаи на општината на сметките за сомнителни и спорни побарувања. Не се превземени навремени активности и мерки од одговорните лица за нивна наплата во претходните години. Советот на општината не го разгледувал прашањето за отпис на побарувања од даночните обврзници заради потребата истите да се сведат на реални очекувани приходи на општината и да се овозможи точно прикажување на податоците за бројот на обврзници и точно прикажување на податоците за побарувањата на општината од комуналните такси во финансиските извештаи;

- Општината не врши утврдување и наплата на комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории, во периодот од 2015 до 2019 година. Непримената на одредбите од Законот за комуналните такси и неплаќањето на комуналната такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните објекти влијае на регуларноста на процесот на утврдување и наплата на комуналните такси на општината, влијае на целосноста на остварените приходи од комунални такси на општината, како и на висината на остварените приходи на општината;
- Општината не врши наплата на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во периодот од 2015 година до 2019 година на сметките предвидени за овој вид на такса. Ваквата состојба влијае на регуларноста на процесот на наплата на комуналните такси, целосноста на остварените приходи од комунални такси на општината, регуларноста на нивната наплата и начинот на нивно евидентирање.

- Не се обезбедуваат податоци за целосноста и навременоста на уплатата на средствата од комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување, согласно Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електричната енергија бр.03-115 од 30.01.2008 година. Со тоа не е обезбедена комплетност и транспарентност на наплатата на приходите по основ на комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување. Една од целите на склучениот меморандум е зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување.

- Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила и моторцикли, што се плаќа при

регистрација на возила, согласно Законот за комуналните такси ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возила и ја уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината. Со законското решение не е обезбеден систем според кој општината би можела да се увери во точноста и вистинитоста на уплатените средства. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност на наплатата на овој вид на комунална такса, потребно е законодавецот да изврши измени и дополнување на законското решение во насока на надминување на истакнатите слабости. Одговорните лица на општината треба да го го поттикнат решавањето на ова прашање.

1.4. Извршената ревизија во 2022 година покажа дека не се преземени соодветни мерки и активности за спроведување на препораките дадени во 2020 година за подобрување на процесот на администрирање на комуналните такси. Дадените препораки не се спроведени. Функционирањето на системот на интерна контрола во процесот на администрирање на комуналните такси ревизијата го оцени како незадоволителено заради неажурноста во доставата на решенијата за комунална такса, нискиот процент на наплата на комунални такси и неспроведувањето на мерки за навремена наплата на даночните долгови.

**1.5.** Со извршената ревизија на следење на спроведувањето на препораките во 2022 година констатирани се следните состојби:

- На ревизијата не и беа презентирани документи за следење на отворање на стечајни постапки на правните лица кои се јавуваат како даночни должници кон Општина Битола, како би можела Општината благовремено да го пријави своето побарување кај стечајниот управник, а со тоа и да ги наплати ненаплатените побарувања. Во опишаната состојба ревизијата евидентираше постоење на високи финансиски ризици од неповратно губење на финансиски средства во буџетот на Општината;

- Општината не пресметува и не наплатува камата за износот на комуналните такси кој не е платен во пропишаниот рок назначен во решението, што не е во согласност со одредбите од член 53 и 54 од Законот за даноците на имот;

- Доставата на решенијата со јавна објава не се извршува благовремено. Јавната објава не ги содржи сите податоци за даночните обврзници кои се предвидени со Законот за општа управна постапка;

- Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси бр.07-711/9 од 18.07.2005 година донесена од Советот на Општина Битола и нејзините измени и дополнувања бр.07-3337/7 од 14.12.2007 година и бр.07-3787/6 од 29.12.2008 не е усогласена со Тарифата за комунални такси утврдени со Законот за комунални такси.

За констатираните наоди при извршувањето на ревизијата дадени се препораки за надминување на слабостите во утврдените состојби, кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на работењето.

На одржаниот завршен состанок беше разговарано за прашањата кои ги покрива овој извештај и беше постигната согласност за фактите во наодите и дадените препораки од ревизијата.

На ден 16.03.2022 година добиени се забелешки по однос на Претходниот ревизорски извештај од помошникот раководител на сектор за финансиски прашања. Во забелешките се наведува дека: „внатрешниот ревизор излегол од своите овластувања и им налага на вработените да извршуваат работни задачи кои не се во опис и попис на работните задачи по систематизација" и дека дадените препораки не се во надлежност на помошникот раководител на сектор за финансиски прашања, туку се во надлежност на раководителот на сектор за финансиски прашања и раководителот на одделението за администрирање на приходи.

Внатрешниот ревизор не ги прифаќа дадените констатации наведени во дописот. Согласно измените и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места на општинсклата администрација во Општината Битола, објавени во „Службен гласник на Општина Битола" бр.13 од 12.09.2018 година, помошникот раководител на сектор за финансиски прашања: го заменува раководителот на секторот во сите негови овластувања и одговорности во случај кога е спречен или отсутен; одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите во секторот за кои е овластен, врши контрола на спроведување на екс анте и екс пост финансиска контрола; организира и остварува соработка со други органи при вршењето на работите во секторот, дава мислење и предлози за усогласеноста на актите и прописите на градоначлникот и Советот на Општината со законоте и другите прописи, итн. Работни задачи и обврски на раководителот на сектор за финансиски прашања, кои во негово отсуство ги извршува помошникот раководител, меѓу другите се: одговорност за ефикасно и ефективно организирање, следење и реализација на утврдувањето и наплатата на даноците, таксите и другите надоместоци што се приходи на Општината.

На ден 17.03.2022 година добиени се забелешки на Претходниот ревизорски извештај од раководителот на одделението за администрирање на приходи. Во однос на анализите за реализацијата на приходите од комуналните такси кои раководителката на одделението за администрирање на приходи ги дава во забелешките, ревизијата истакнува дека во нејзината анализа се земени податоци од прегледите за планираните и остварените приходи во Буџетот на општината. Ваквите анализи можат да послужат за потребите на општината во однос на успешноста на планирањето на остварувањето на буџетските средства. Во ревизорскиот извештај анализите за реализацијата на комуналните такси се извршени врз основа на податоци од даночното книговодство на одделението за администрирање на приходи, кои се однесуваат на вкупниот утврден облог од поединечни комунални такси и нивната реализација по години.

Забелешките не се прифатени бидејќи не се добиени докази кои би имале влијание за промена на констатираните состојби.

Внатрешен ревизор,
Аница Тантарова Георгиевска

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ВНАТРЕШНИОТ РЕВИЗОР**

## 1. ВОВЕД

1.1 Предмет на овој конечен извештај е извршената ревизија на следење на препораките презентирани во Конечниот извештај бр.60-01/14 од 14.04.2020 година на ревизијата на процесот на прибирање на приходи во одделението за администрирање на приходи на Општина Битола. Спроведувањето на препораките е ревидирано преку системот на внатрешна контрола на процесот на прибирање на приходи кои општината ги остварува врз основа на Законот за комуналните такси во текот на 2020 и 2021 година. Ревизијата е извршена согласно Годишниот план на единицата за внатрешна ревизија на Општина Битола бр.60-14/1 од 14.12.2021 година.

1.2 Цел на ревизијата од точка 1.1 е да се утврди дали се преземени соодветни мерки и активности за спроведување на препораките дадени за подобрување на ревидираниот процес и да го оцени ефектот од преземените активности. Ревизијата изврши оцена на соодветноста и ефективното дејствување на интерниот контролен систем во сите материјални аспекти, како основа на регуларно, комплетно, навремено и сеопфатно прибирање на приходите од комунални такси на општината.

1.3 Ревизијата е извршена согласно член 26 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2009, 188/2013, 192/2015 и 147/2017) и Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот за известување за ревизијата („Службен весник на РМ“ бр.136/10).

1.4 Интерната контрола на процесот, како вкупност на политики и постапки, како и регуларноста на одвивањето на процесот од точка 1.1. од овој извештај се одговорност на раководството на Општина Битола, застапувано од:
- Наташа Петровска, градоначалник од 25.10.2017 до 11.11.2021 година;
- Тони Коњановски, градоначалник од 11.11.2021 година;
- Наташа Лукиќ, помошник раководител на сектор за финансиски прашања;
- Татјана Танчевска Петковска, раководител на одделението за администрирање на приходи.

1.5 Одговорност на ревизорот е да го издаде овој извештај во кој ќе даде мислење за функционирањето на системот на интерна контрола во процесот од точката 1.1 и независна и објективна проценка дали работењето е во согласност со законите, подзаконските акти и интерните акти на субјектот, засновани на извршената ревизија.

1.6 Ревизијата од точка 1.1 е планирана во периодот од 24.01.2022 година до 11.02.2022 година од Аница Тантарова Георгиевска – овластен внатрешен ревизор, соработник во секторот за внатрешна ревизија на Општина Битола.

1.7 Ревизијата е извршена со почитување на Меѓународните стандарди за професионално известување на внатрешната ревизија кои се пропишани во Република Северна Македонија. Ревизијата вклучува оцена на сигурноста на интерната контрола која што треба да обезбеди спречување или откривање на грешки при одвивањето на активностите во процсот; економично, ефикасно и ефективно остварување на целите на процесот; придржување кон надворешните правила (закони, прописи) и политиките на раководството; заштита на средствата и информациите; квалитетно и навремено изготвување на евиденциите и информациите за раководење.

## 2.ОПФАТ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на системот на внатрешна контрола на процесот на прибирање на приходи во одделението за администрирање на приходи, ги опфати дел од **даночните приходи** кои општината како единица за локална самоуправа ги остварува врз основа на **Законот за комуналните такси** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/2012, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), и тоа:

- Комунална такса за истакнување на фирми односно назив на деловна просторија;
- Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност;
- Комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории;
- Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
- Комунална такса за користење музика во јавните локали;
- Комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност;
- Комунална такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, што се плаќа при регистрација на возила;
- Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление.

Со ревизијата за следење на извршувањето на препораките опфатени се даночните приходи во 2020 и 2021 година. Ревизијата извршена во 2020 година го опфати периодот од 2018 до крајот на 2019 година. За да добие појасна слика за администрирањето на даночните приходи од комуналните такси, ревизијата обезбеди и показатели за планирањето, евидентирањето и реализацијата на даночните приходи од комуналните такси на општината од одделението за буџетска координација за периодот од 2015 до 2021 година.

## 3.ПРИСТАП НА РЕВИЗИЈАТА

При вршењето на ревизијата применети се постапки за контрола на опфатноста и точноста на влезните податоци и ажурирања, исправност на податоците за обработка, сумирање и категоризирање на податоци, со кои ќе ги проверат следниве клучни контролни цели:

- Да се осигура дека **системите за внатрешна контрола се адекватно воспоставени и оптимално функционираат;**
- Да се осигура **регуларноста на утврдувањето и наплатата на комуналните такси** односно да се осигура дека утврдувањето и наплатата на даночните приходи од комунални такси е во согласност со законските, подзаконските и интерните акти;
- Да се осигура дека **системот обезбедува сеопфатност, навременост и целосност на остварувањето на приходите од комунални такси**: сите

обврзници на комунални такси се навремено задолжени и сите приходи од комунални такси се навремено остварени;

- Да се осигура дека е обезбедено точно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно **искажување на остварените приходи од комуналните такси**;
- Да се осигура **правилното класификување и обелоденување на комуналните такси**: приходите од таксите се навремено поднесени, квалификувани и објаснети во согласност со рамката за известување издадена од компетентни надлежни тела за регулатива од оваа област.

Проверката на снимениот систем на интерни контроли е извршена со тестирања кои се однесуваат на начинот на организација на работењето на субјектот, начинот на раздвојување на должностите и прегледување на документацијата, со цел да се утврди функционирањето на постапките и методите на интерните контроли и нивното правилно извршување од овластени работници.

Извршената ревизија вклучува анализа на ризикот, прегледување на извршувањето на процесите, прегледување и контролирање на документацијата, интервју со претпоставени, суштински тестирања на трансакциите, анализа на доказите.

Верувам дека спроведената ревизија обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

## 4. ИНТЕРНИ КОНТРОЛИ

Според Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Битола бр.01-02 од 03.09.2015 година и неговите измени и дополнувања извршени до 2021 година, во одделението за администрирање на приходи систематизирани се 14 работни места со работни цели и задачи од областа на администрирањето на даночните приходи. Систематизираните работни места се пополнети со 12 извршители. Работите кои непосредно се однесуваат на утврдувањето на комуналните такси ги извршува **помлад соработник** за организациска и административна поддршка во администрирањето на приходи. Поставен е **раководител на одделението**, кој има задача да ја спроведува утврдената политика за законито и навремено утврдување и наплата на даноците, таксите и другите надоместоци. Одделението за администрирање на приходи е организационо поставено во рамките на секторот за финансиски прашања. Поставен е **помошник раководител на секторот за финансиски прашања** кој е одговорен за законско, навремено, ефикасно и квалитетно извршување на буџетот, како и за ефикасното и ефективно организирање, следење и реализација на утврдувањето и наплатата на даноците, таксите и другите надоместоци што се приходи на општината.

Функционирањето и организацијата на внатрешниот контролен систем на одделението за администрирање на приходи се обезбедени со поставување на повеќе видови на контроли:

- **Организациони**, кои се однесуваат на начинот на организација на работењето на одделението со јасно дефинирани надлежности и одговорности;
- **Раздвојување на должностите**, што се однесува на функциите кои вклучуваат овластување, извршување, евидентирање, известување и контрола, со што се намалува ризикот од намерни манипулации или

грешки. Системот е поставен да оневозможи една комплетна деловна промена да биде во надлежност на едно лице;

- **Контроли на овластување и одобрување од одговорни лица** кои се назначени да вршат проверка и потврдување на документите пред нивното одобрување;
- **Контрола на документирање**, односно правилно евидентирање на трансакциите;
- **Контроли на раководење**, со поставување на раководител на одделение и раководител на сектор за финансиски прашања, кои треба да извршат проверка на реализацијата на даночните приходи и споредба со плановите, како и следење на ефикасноста на интерните контроли.

Прегледувањето на актите кои се однесуваат на организацијата на работењето потврди дека е **дизајниран делумно функционален систем на подготовка, следење, одобрување и контрола на документација.** Оневозможено е едно исто лице да ги контролира сите значајни фази на определена активност, како што се: извршување, одобрување и евидентирање, согласно **Законот за јавна внатрешна финансиска контрола** ( „Службен весник на Република Северна Македонија " бр.90/2009, 188/2013, 192/2015 и 147/2017).

За да се зголеми контролата и ефикасноста на одвивањето на процесот, се користи **електронски систем, односно софтвер** за евидентирање на побарувањата од обврзниците на комуналните такси и евидентирање на уплатите на таксите. Користењето на софтверски решенија покрај тоа што ја зголемува ефикасноста и ефективноста на одвивањето на процесот, овозмува минимизирање на ризиците кои се карактеристични за него.

## 5.СТАТУС НА ПРЕПОРАКИ

Во следните точки од извештајот ревизијата презентира дали се преземени соодветни активности за спроведување на препораките дадени за подобрување на ревидираниот процес со претходната ревизија.

### 5.1 Содржина на дадениот наод

Во 2018 и 2019 година решенијата за комунална такса за истакнување на фирма на деловна просторија се донесени на крајот од месец март. Најголемиот дел од решенијата се дистрибуираат до обврзниците во периодот од месец април до месец септември. Заклучно со крајот на месец декември околу 30% од решенија не биле лично доставени до обврзниците. Истите се објавуваат на огласната табла на општината во последната недела од годината.

Согласно член 11 од Законот за комунални такси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/2012, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), градоначалникот на општината според податоците од состојбата на 1 јануари секоја година за секој обврзник одделно со решение во рок од 30 дена **го утврдува** износот на таксата што треба да се плати. Согласно член 16 од Законот за комунални такси, за утврдувањето и наплатата на комуналните такси се применуваат одредбите од Законот за даноците на имот. Согласно член 30 од Законот за даноците на имот

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16) **градоначалникот на општината донесува решение за висината на данокот до 31 март во годината и му го доставува на даночниот обврзник.**

Утврдувањето и печатењето на решенијата за комунална такса за истакнување на фирма односно назив на деловна просторија не се врши навремено, така што е оневозможено нивната достава да се изврши до 31 март во годината. Временскиот период на доставата на решенијата за комунална такса за истакнување на фирма не овозможува навременост, сеопфатност и целосност на остварувањето на приходот од овој вид на комунална такса на општината. Ненавременото и нецелосно остварување на приходот на општината влијае негативно на плаќањето на обврските на општината и остварувањето на планираните годишни оперативни активности.

**Препорака 1**

Раководителот на сектор за финансиски прашања да ги превземе сите мерки и активности што ќе овозможат утврдување, печатење и достава на решенијата за комунална такса за истакување на фирма до 31 март во годината до даночните обврзници, за да се овозможи регуларност, навременост и целосност на утврдувањето и наплатата на комуналната такса за истакнување на фирма на општината.

**Статус на препорака 1: препораката не е спроведена**

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Целокупниот процес на утврдување на базата на даночни обврзници на комунална такса за истакнување на фирма, донесување на решенија за износот на комуналната такса, набавка на услуга за печатење на решенијата, печатење на решенија, како и достава на решенија до обврзниците се извршува под координација на раководителот на сектор за финансиски прашања.

Во 2020 година донесени се вкупно 5.028 решенија за комунална такса за истакнување на фирма односно назив на деловна просторија. Решенијата се навремено утврдени со датум 31.01.2020 година. Договорот за печатење на решенијата е склучен на 11.02.2020 година. Трговското друштво кое ги печатело решенијата ги доставило во општината на 25.03.2020 година. На 10.02.2020 година склучени се 6 договори со курири доставувачи преку Приватна Агенција На ангажираните курири исплатена им е плата за месеците февруари и март 2020 година, иако е евидентно дека не вршеле достава на решенија. за вработување. Договорите на куририте се со важност до 31.07.2020 година. Заклучно со 31.12.2020 година 35% од вкупниот број на решенија не биле доставени до обврзниците. За недоставените решенија во последната недела од месец декември изготвена е службена објава, со што се смета дека решенијата се доставени до даночните обврзници.

Во 2021 година донесени се вкупно 5.008 решенија за комунална такса за истакнување на фирма односно назив на деловна просторија. Решенијата се донесени на 03.03.2021 година. Договорот за печатење на решенијата е склучен на 26.02.2021 година. Испечатените решенија се донесени во општината на 14.04.2021 година. На 02.06.2021 година склучени се договори со 6 курири доставувачи на решенијата за период до 31.10.2021 година. За да се зголеми доставата на решенијата, во периодот од 09.09.2021 до 10.11.2021 година, во повеќе наврати испратени се по пошта вкупно 1.199 решенија за даночни обврзници со седиште во општината. На 16.11.2021 година

скучени се договори за дело со тројца доставувачи за период од еден месец. Заклучно со 31.12.2021 година, 31% од решенијата за комунална такса за фирма не биле лично доставени. За истите е изготвена службена објава за достава.

Не е постигнато никакво подобрување во однос на изготвувањето, печатењето и доставата на решенијата за комунална такса за фирма. Спротивно на дадената препорака, забележано е дека активностите во процесот се одвиваат отежнато, ненавремено, неорганизирано, во отсуство на координација. Процесот не е спроведен во согласност со член 30 од Законот за даноците на имот, а во врска со член 11 и член 16 од Законот за комуналните такси. Ревизијата евидентира високи финансиски ризици заради ненавремено остварување на планираните приходи на општината.

**5.2 Содржина на дадениот наод**

Вкупниот облог за комунална такса за истакнување на фирма за 2018 година изнесува 23.975.750 денари. До крајот на годината уплатени се вкупно 17.367.350 денари од даночните обврзници на таксата или 73% од вкупниот облог за 2018 година. Писмени опомени за плаќање на даночниот долг се испратени на 3.700 даночни обврзници. Опомените се донесени во месец октомври 2018 година. Најголемиот дел од нив се дистрибуирани до обврзниците во месец ноември 2018 година.

Вкупниот облог за комунална такса за истакнување на фирма за 2019 година изнесувал 23.430.500 денари. До крајот на 2019 година уплатени се вкупно 11.965.608 денари од даночните обврзници на таксата или 51% од вкупниот облог. Писмени опомени за плаќање на даночниот долг во 2019 година не се доставени до даночните обврзници.

Обврзниците на комуналните такси се должни согласно член 11 од Законот за комуналните такси, таксата да ја платат во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението. Согласно член 54 од Законот за даноците на имот, општината доставува писмена опомена на даночниот обврзник за плаќање на даночен долг пред пристапување кон присилна наплата на даночниот долг.

Неиспраќањето на писмени опомени на даночните обврзници за плаќање на даночните долгови ја нарушува регуларноста на процесот на администрирањето на комуналните такси и влијае негативно на остварувањето на приходите од комуналните такси на општината. Приходите не се остваруваат навремено. Приходите не се остваруваат целосно. Ваквата состојба во крајна линија негативно се одразува на плаќањето на обврските на општината и исполнувањето на оперативните активности.

**Препорака 2**

Раководителот на одделението за администрирање на приходи да обезбеди достава на писмени опомени на даночните обврзници за плаќање на даночните долгови заради обезбедување на регуларност на процесот, како и навременост и целосност на остварувањето на приходите од комуналните такси.

**Статус на препорака 2: препораката не е спроведена**

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Вкупниот облог за комунална такса за истакнување на фирма за 2020 година изнесувал 23.551.875 денари. До крајот на 2020 година уплатени се вкупно 8.869.223 денари или 38% од вкупниот облог за 2020 година. Писмени опомени за плаќање на даночниот долг во 2020 година не се доставени до даночните обврзници.

Вкупниот облог за комунална такса за истакнување на фирма за 2021 година изнесувал 23.139.750 денари. До крајот на 2021 година уплатени се вкупно 10.410.935 денари или 45% од вкупниот облог. Писмени опомени за плаќање на даночниот долг во 2020 година не се доставени до даночните обврзници.

Остварувањето на буџетските приходи од комунална такса за фирма во 2020 и 2021 година е на незадоволително ниво. Следејќи го ниското ниво на наплата на комуналната такса за фирма, приходите во буџетот на општината се планираат на ниско ниво. Така, иако во 2020 година вкупниот облог од комунална такса за фирма изнесува 23.551.875 денари, планираните приходи во буџетот изнесуваат 12.000.000 денари, односно 51% помалку од вкупниот облог. Во 2021 година во буџетот на општината се планирани 15.000.000 денари приход од комунална такса за фирма, а вкупниот облог изнесува 23.139.750 денари. Процентот на остварени приходи во однос на планираните во буџетот на општината изнесува 69,39%.

Покрај ниското ниво на остварување на приходите од комунална такса за фирма не се праќаат писмени опомени за плаќање на даночните долгови. Нарушена е регуларноста на процесот. Ревизијата евидентиораше високи регулаторни и финансиски ризици. Општината губи значаен дел од приходите кои согласно регулативата треба да ги наплати.

**5.3 Содржина на дадениот наод**

Во месец октомври 2018 година донесени се 3.700 писмени опомени за даночни обврзници за плаќање на даночните долгови од комунални такси кои се дистрибуирани во најголем дел во месец ноември 2018 година. Ненавремената достава на решенијата за комунална такса за истакнување на фирма се одразила и на ненавременото доставување на писмените опомени на даночните должници.

Во 2019 година писмени опомомени за плаќање на даночни долгови не се доставени.

Согласно член 54 од Законот за даноците на имот, даночниот обврзник треба да го плати даночниот долг во рок од осум дена од доставувањето на опомената.

Во електронскиот систем во кој се води базата на подататоци за обрзниците на комуналните такси, не се евидентирани подататоци за времето на извршената достава на писмените опомени. Ваквата состојба го оневозможува следењето на навременото плаќање на даночните долгови од даночните обврзници и влијае на спроведувањето на процесот на присилна наплата, како и на навременоста и целосноста на остварените приходи од комунални такси на општината.

**Препорака 3**

Раководителот на одделението за администрирање на приходи да овозможи евидентирање на податоците за времето на доставата на писмените опомени во електронскиот систем на даночните обврзници за да се овозможи следење на навременоста на плаќањето на даночните долгови.

**Статус на препорака 3: препораката не е спроведена**

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Неспроведувањето на дадената препорака може да влијае на ефикасното одвивање на процесот на присилна наплата на даночните долгови. Внесувањето на податокот за времето на достава на опомената во електронскиот систем на податоци ќе ја зголеми контролата и ефективноста на процесот, со оглед на големиот број на обврзници за комунална такса (5.008 во 2021 година).

**5.4 Содржина на дадениот наод**

Согласно податоците од даночното книговодство, општината има значителни износи на ненаплатени побарувања за комунални такси од тековни и минати години од даночните обврзници. Податоците се претставени поединечно во табела 1.

Табела 1- Состојба на побарувања од обврзници на комунални такси

| | 2017 год. | 2018 год. | 2019 год. |
|---|---|---|---|
| Комунална такса за истакнување на фирми | 111.894.647 | 109.300.322 | 103.919.577 |
| Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 6.527.555 | 6.685.823 | 6.767.701 |
| Комунална такса за користење музика во јавните локали | 1.594.850 | 1.666.100 | 1.809.000 |
| Вкупно побарувања | 120.017.052 | 117.652.245 | 112.496.278 |

Вкупните ненаплатени побарувања на општината од комунална такса за истакнување на фирма заклучно со 2019 година изнесуваат 103.919.577 денари. Ваквата состојба се должи на недоставување на писмени опомени за плаќање на даночните долгови во минатите години како и на неизвршувањето на присилна наплата на даночниот долг. Извршување на пристигнатиот даночен долг по присилен пат било извршено во текот на 2015 година. Во годините кои следат присилна наплата на пристигнатите даночни долгови не е спроведена.

Присилната наплата на даночните долгови од комуналните такси е регулирана како законска обврска на општините со Законот за комунални такси и Законот за даноците на имот.

Во рамките на одделението за администрирање на приходи систематизирано и пополнето е едно работно место на даночен извршител, со поставени работни цели:

наплата на обврските на даночните обврзници кон општината кај обврзници кои задоцниле со подмирување на даночната обврска. Постои недоволна кадровска екипираност на одделението во делот на наплатата на даночните долгови од комуналните такси. Даночниот извршител треба присилно да извршува даночни долгови на обврзници од сите даночни приходи кои ги остварува општината. Присилната наплата на даночниот долг согласно член 57 од Законот за даноците на имот се извршува од целокупниот имот, приходите и побарувањата на даночниот обврзник. Процесот на присилна наплата на даночниот долг опфаќа повеќе активности: изготвување и доставување на решенија за присилна наплата, попис на имотот на обврзникот, проценка на вредноста на имотот, продажба на запленет имот, итн. На даночниот извршител во општината му биле доверени работни задачи и обврски предвидени за работното место за администрирање на данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности.

Неспроведувањето на присилна наплата на пристигнатите даночни долгови ја нарушува регуларноста на процесот на наплата на комуналните такси и влијае на навременоста и целокупноста на остварувањето на приходите на општината од комуналните такси. Ризикот од неостварување на приходите од комунални такси заради неизвршување на присилна наплата е висок заради застарувањето на правото на наплата на комуналната такса за две години, согласно член 8 од Законот за комуналните такси.

**Препорака 4**

Раководителот на секторот за финансиски прашања да создаде услови за спроведување на наплата на пристигнатите даночни долгови по присилен пат (присилна наплата) за да се обезбеди регуларност на наплатата на комуналните такси и навремено и целосно обезбедување на приходите од комуналните такси на општината.

**Статус на препорака 4: препораката не е спроведена**

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Во текот на 2020 и 2021 година не е спроведена ниту една постапка на присилна наплата на даночни долгови од даночни обврзници и покрај ниският процент на наплата на даночните долгови. Нарушена е регуларноста на процесот на администрирање на приходи од комунални такси. Констатираните високи регулаторни и финансиски ризици не се намалени. Општината губи значаен износ на средства како резултат на неспроведувањето на законската обврска за наплата на пристигнатите даночни долгови по присилен пат.

**Препорака 5**

Раководителот на секторот за финансиски прашања да обезбеди одделението за администрирање на приходи кадровски да се екипира со доволен број на даночни извршители за да може да се спроведе присилна наплата на даночните долгови на општината.

**Статус на препорака 5: препораката не е спроведена**

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Согласно Правилникот за систематизација на Општина Битола, предвидено е едно работно место за даночен извршител. Бројот на даночни извршители во одделението за администрирање на приходи не е зголемен, и покрај честите промени на систематизацијата во последните две години. Вкупниот број на даночни обврзници на општината по основ на комунални такси и даноци на имот како и ненаплатените побарувања од минати години за комунални такси и данок на имот ја наметнуваат потребата од зголемување на бројот на даночни извршители.

Во текот на 2020 година службеникот даночнен извршител го остварил своето право на пензија. Ангажирано е лице со договор на определено време преку Агенција за вработување на кого му се доверуваат работни задачи од областа на администрирањето на приходите, поточно изготвување на опомени за неплатени даночни долгови. На ангажираното лице не му се доверени обврски за пишување на опомени за неплатени долгови од комунални такси и присилна наплата на побарувања од комунална такса.

**5.5 Содржина на дадениот наод**

Во 2018 година планирани се 12.000.000 денари како приход на општината од комунална такса за истакнување на фирма. Вкупниот облог согласно податоците од даночното книговодство за 2018 година изнесува 23.975.750 денари. Вкупниот број на обврзници кои се евидентирани во даночното книговодство изнесува 14.735, додека издадени 5.047 редовни решенија на обврзници. Во 2018 година остварени се вкупно 17.366.950 денари приход од овој вид на комунална такса. Вкупниот акумулиран даночен долг на обврзниците на комунална такса до крајот на 2018 година изнесува 109.300.322 денари.

Во 2019 година планирани се 12.000.000 денари како приход на општината од комунална такса за истакнување на фирма. Вкупниот облог согласно податоците од даночното книговодство за 2019 година изнесува 23.430.500 денари. Вкупниот број на обврзници евидентирани во даночното книговодство изнесува 14.735, додека се издадени вкупно 4.993 решенија на обврзници. Во 2019 година остварени се вкупно 11.951.830 денари приход од овој вид на комунална такса. Вкупниот даночен долг на обврзниците со крајот на 2019 година изнесува 103.919.577 денари.

Во годините кои претходат на 2019 година не е извршена анализа и точно утврдување на временскиот период на кој се однесуваат акумулираните даночни долгови, анализа на бројот на даночните обврзници од аспект на нивното постоење и можноста за наплата на долговите. Висок е ризикот дека голем дел од правните лица кои се евидентирани како даночни должници на општината се ликвидирани и избришани од регистарот на правни субјекти кој го води Централниот регистар на РСМ, со оглед на фактот дека во даночното книговодство регистрирани се вкупно 14.735 обврзници, а се издадени 4.993 решенија на даночни обврзници во 2019 година. Советот на општината не го разгледувал прашањето за отпис на побарувања од даночните обврзници заради потребата истите да се сведат на реални очекувани приходи на општината и да се овозможи точно прикажување на податоците за бројот на обврзници и точно прикажување на податоците за побарувањата на општината од комуналните такси во финансиските извештаи на општината.

Побарувањата за комунални такси кои потекнуваат од претходни години не се искажани во финансиските извештаи на општината на сметките за сомнителни и спорни побарувања. Не се превземени навремени активности и мерки од одговорните лица за нивна наплата. Согласно член 8 од Законот за комунални такси, правото на утврдување и наплата на комуналните такси застарува за две години по истекот на годината во која требало да се изврши утврдувањето на таксата, односно да се наплати таксата. Согласно член 360 од Законот за облигациони односи, општиот рок на застареност е 5 години. Според Законот за даноците на имот, членот 84 и 85 правото на утврдување и наплата на данокот застарува за пет години по истекот на годината во која требало да биде утврден, односно правото на утврдување и наплата во секој случај застарува по истекот на десет години од истекот на годината во која данокот требало да биде утврден и наплатен.

Опишаната состојба влијае на точното и објективно планирање на приходите од комунални такси на општината, објективноста на искажаните податоци за побарувањата од комунални такси на даночните обврзници и во крајна линија влијае на квалитетот и точноста на податоците искажани во финансиските извештаи на општината.

**Препорака 6**

Раководителот на секторот за финансиски прашања да спроведе анализа на вкупните акумулирани побарувања од комунални такси заради реално согледување на основот на нивното постоење, како би се обезбедило точно и соодветно евидентирање на побарувањата од комуналните такси во деловните книги на општината и објективност на финансиските извештаи.

**Статус на препорака 6: препораката не е спроведена**

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Не е обезбедена објективност и точност на финансиските извештаи на општината преку прикажување на побарувањата за комунални такси кои потекнуваат од минати години на сметките за сомнителни и спорни побарувања. Не се превземени навремени активности и мерки од одговорните лица за нивна наплата. Согласно податоците од даночното книговодство, општината има значителни износи на ненаплатени побарувања за комунални такси од тековни и минати години од даночните обврзници. Значаен дел од побарувањата не можат да бидат наплатени, имајќи ги во предвид законските рокови за застареност на побарувањата. Ревизијата евидентираше дека констатираните високи регулаторни и финансиски ризици заради неповратното губење на значаен дел од приходите на општината не се намалени. Вкупниот износ на ненаплатени побарувања од комунална такса за истакнување на фирма, користење на простор пред деловни простории за вршење дејност и музика во јавните локали е залогемен за 11.976.362 денари во 2021 во однос на 2019 година. Податоците се претставени поединечно во табела 2.

Табела 2- Состојба на побарувања од обврзници на комунални такси

| | 2019 год. | 2020 год. | 2021 год. |
|---|---|---|---|
| Комунална такса за истакнување на фирми | 103.919.577 | 112.008.479 | 116.423.544 |
| Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 6.767.701 | 5.213.373 | 5.993.846 |
| Комунална такса за користење музика во јавните локали | 1.809.000 | 1.970.250 | 2.055.250 |
| Вкупно побарувања | 112.496.278 | 119.192.102 | 124.472.640 |

**5.6 Содржина на дадениот наод**

Општината не врши утврдување и наплата на комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории, во периодот од 2015 до 2019 година.

Утврдувањето на комуналната такса е предвидено со член 3 од Законот за комуналните такси. Согласно Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Битола бр.07-711/9 од 18.07.2005 година, тарифен број 6, за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно, и тоа за физички лица кои вршат дејност во износ од 1.200 денари, додека за правни лица од областа на производството, прометот и услугите 2.500 денари. Со член 33 од Одлуката за утврдување на потребата за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема бр.07-16/26 од 27.05.2013 година, елементи за изложување на производи се: витрини, полици, фрижидери.

Непримената на одредбите од Законот за комуналните такси и неплаќањето на комуналната такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните објекти влијае на регуларноста на процесот на утврдување и наплата на комуналните такси на општината, влијае на целосноста на остварените приходи од комунални такси на општината, како и на висината на остварените приходи на општината. Ваквата состојба се одразува на извршувањето на трошоците од буџетот на општината и остварувањето на планираните активности.

**Препорака 7**

Раководителот на секторот за финансиски прашања да превземе мерки и активности за утврдување и наплата на комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории, за да се обезбеди регуларност, сеопфатност и целосност на утврдувањето и наплатата на приходите од комунални такси на општината.

**Статус на препорака 7: препораката не е спроведена**

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Внатрешниот ревизор утврди дека високите финансиски ризици од неповратно губење на значаен дел финансиски средства во буџетот на општината не се надминати.

**5.7 Содржина на дадениот наод**

Општината не прикажува на своите сметки приход од комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во периодот од 2015 година до 2019 година.

Утврдувањето и наплатата на комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места е предвидена во член 3 точка 4 од Законот за комуналните такси и се плаќа сразмерно на времето на користењето. Согласно Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Битола број 07-711/9 од 18.07.2005 година, тарифен број 4, за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, се плаќа комунална такса во зависност од времето на користењето на правото, и тоа: до 7 дена се плаќа 800 денари, до 30 дена се плаќа 1.300 денари, до една година се плаќа 1.600 денари.

Општината издава под закуп огласни места за поставување и комерцијално користење рекламни паноа, по склучени договори во 2013 и 2014 година со правни лица, врз основа на оглас и јавно наддавање одржано на ден 25.10.2013 година. Правните лица објавуваат реклами и објави на локации кои се претходно договорени и се задолжуваат со месечна закупнина која се пресметува по пресметка според која не може да се утврди точно дали е вклучена комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места. Процесот на издавање под закуп на огласни места се одвива во одделението за имот и имотно правни работи на општината, во рамките на секторот за правно нормативни административни и општи работи. Договорите биле склучени за времетраење од 1 година со можност за продолжување до 4 години. Раководителот на секторот за финансиски прашања треба да го преиспита прашањето за сопственоста на рекламните паноа кои се издаваат под закуп, валидноста на договорите од аспект на времето на важност на договорите како основен елемент на било кој договор, како и обврската за примена на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15,106/15,153/15 и 190/16).

Опишаната состојба влијае на регуларноста на процесот на утврдување и наплата на комуналните такси на општината, влијае на целосноста на остварените приходи од комунални такси на општината, регуларноста на нивната наплата и евидентирање, како и на висината на остварените приходи на општината. Состојбата се одразува на извршувањето на трошоците од буџетот на општината и остварувањето на планираните активности.

**Препорака 8**

Раководителот на секторот за финансиски прашања да превземе мерки и активности за утврдување и наплата на комунална такса за истакнување на реклами,

објави и огласи на јавни места, за да се обезбеди регуларност, сеопфатност и целосност на утврдувањето и наплатата на приходите од комунални такси на општината.

**Статус на препорака 8: препораката не е спроведена**

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Помошникот раководител на сектор за финансиски прашања, како лице кое е одговорно за целокупниот процес на финансиско управување и контрола на финансиските процеси кои се одвиваат во општината, не поднел барање за објава на оглас и спроведување на јавно наддавање за издавање под закуп на микролокации (огласни места) согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.78/15,106/15,153/15 и 190/16).

Договорите на правните лица врз основа на кои во текот на 2021 година се врши пресметка на закупнина за издавање на микролокации се склучени во 2014 година. Фактурирањето на закупнината се врши по цени кои не одговараат на пазарните услови, бидејќи се креирани во 2013 година, време кога е извршено јавното наддавање.

Утврдувањето на комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места треба да се врши согласно Законот за комуналните такси. Наплатата на таксата треба да се врши со употреба на уплатната сметка предвидена согласно Упатството за начинот на евидентирање, распоредување, поврат и пренасочување на јавните приходи („Службен весник на Република Македонија" бр.188/2018).

**5.8 Содржина на дадениот наод**

Согласно одредбите од Законот за комуналните такси, обврзници за комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија. Истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината. Во законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок трговското друштво треба да ја изврши уплатата на средствата. Не се предвидени ниту одредби согласнмо кои би се задолжило друштвото да дава податоци според кои ќе се согледа дали средства се целосно уплатени на сметката на општината.

Во 2008 година склучен е Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електричната енергија, број 03-115 од 30.01.2008 година. Една од целите на склучениот меморандум е зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електична енергија се обврзува до општините да доставува податоци за:

- бројот на обврзници по категории;
- извештај за прибраниот износ на средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба за бројот на броила;
- известување (состојба) за ненаплатени побарувања.

Овие податоци трговското друштво не ги доставува до општината, така што општината нема увид дали уплатенате средства од оваа комунална такса се целосни. Во текот на 2018 година по основ на оваа комунална такса на сметката на општината се уплатени вкупно 80.445.794 денари, а во 2019 година извршена е уплата на 80.180.547 денари.

**Препорака 9**

Раководителот на сектор за финансиски прашања да побара од трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија да доставува податоци за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по основ на комунална такса за користење и одржување јавно осветлување, за да обезбеди комплетност и транспарентност на наплатата на приходите по овој основ.

**Статус на препорака 9: препораката не е спроведена**

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Не се превземени никакви активности за обезбедување податоци од трговското друштво надлежно за дистрибуција на електричната енергија, согласно кои би се согледало дали уплатените средства од комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување се целосни. Во 2020 уплатени се вкупно 82.079.200 денари, додека во 2021 година уплатени се вкупно 92.109.442 денари по основ на оваа комунална такса.

## 6. Системски слабости

Согласно Законот за комуналните такси, наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила и моторцикли, што се плаќа при регистрација на возила – тарифен број 9, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возила и да ја уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината во чие подрачје е извршена наплатата. Во 2018 година на сметката на општината по овој основ се уплатени 7.326.622 денари, додека во 2019 година уплатени се 7.707.903 денари. Со законското решение не е обезбеден систем според кој општината би можела да се увери во точноста и вистинитоста на уплатените средства. Не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината и да информираат за бројот на регистрирани возила, нивната кубикажа и за месечниот износ на прибраните средства. Ефект од оваа состојба е немање на целосен увид во наплатата и потврдувањето на точноста на приходот од оваа комунална такса. Тоа се рефлектира на комплетноста и точноста на остварените приходи по овој основ кој општината ги евидентира единствено како прилив без конкретни податоци за реалноста на истиот.

Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност на наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила, потребно е законодавецот да изврши измени и дополнување на законското решение во насока на надминување на **истакнатите**

слабости. Одговорните лица на општината треба да го го поттикнат решавањето на ова прашање.

**Коментар на внатрешниот ревизор:**

Не се преземени никакви активности од одговорните лица за надминување на системската слабост. Во 2020 година на сметката на општината по овој основ се уплатени 7.756.248 денари, додека во 2021 година уплатени се 8.238.791 денари.

## 7. КЛУЧНИ НАОДИ ОД РЕВИЗИЈАТА НА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

Во следните точки од извештајот ревизијата ги презентира клучните наоди, ризици, контролни аспекти, кои се резултат на испитувањето на ефикасноста на системот на интерни контроли.

**7.1 Наод**

Во одделението за администрирање на приходи редовно се врши отпис на побарувања по основ на комуналони такси на правни лица кои ја заклучиле стечајната постапка. Согласно податоците од „Службен весник на РМ" за заклучените стечајни постапки се изготвуваат дописи насловени како „Список на фирми на кои треба да се брише должно салдо по основ на стечај и статус на здружение". Списоците се одобруваат од советник и раководителот на одделението и се праќаат до даночниот книговодител, кој го брише побарувањето на правните лица кои го заклучиле стечајот.

Во 2018 година изготвени се 9 дописи со кои се отпишани 2.509.000 денари.

Во 2019 година изготвени се 7 дописи со кои се отпишани 1.800.862 денари.

Во 2020 година изготвени се 2 дописи со кои се отпишани 756.250 денари.

Во 2021 година изготвени се 2 дописи со кои се отпишани 1.280.000 денари.

Во периодот од 2018 до 2021 година отпишани се вкупно 6.346.112 денари како побарувања од правни лица по основ на комунални такси.

Во овој временски период не се превземени законски утврдените мерки за наплата на горенаведените даночни долгови. Не се пратени опомени до должниците. Не е спроведена постапка на присилна наплата на даночните долгови.

Спроведувањето на постапката на отпис на долговите ја спроведуваат вработени лица кои извршуваат работни задачи од областа на администриртањето на приходите односно утврдување и наплата на комунални такси. Ревизијата евидентира постоење на конфликт на интерес во самиот процес на спроведувањето на отписот на побарувањата. Пред спроведувањето на отписот на побарувањата не се утврдени причините заради кои постојат високите износи на побарувања кои се отпишуваат и не е утрдено дали претходно се презеле сите можни мерки за наплата.

За периодот од 2018 до 2021 година на ревизијата не и се презентирани документи кои ќе докажат дека се следи објавувањето на отворање на стечајни постапки на правните лица кои се јавуваат како даночни должници кон Општина Битола, како би можела Општината благовремено да го пријави своето побарување кај

стечајниот управник, а со тоа и да ги наплати ненаплатените побарувања, согласно член 69 став 3 од Законот за стечај.

Во опишаната состојба ревизијата евидентираше постоење на високи финансиски ризици од неповратно губење на финансиски средства во буџетот на Општината.

**Препорака 1:**

Помошникот раководител на сектор за финансиски прашања да превземи активности за следење на отворањето на стечајни постапки на правни лица кои се јавуваат како даночни должници на Општината, заради навремено пријавување на побарувањата кај стечајните управници.

**Препорака 2:**

Отписот на побарувањата на општината по основ на даночни долгови да се врши со одлука од орган на општината, со претходно спроведени активности на утврдување на причините за ненаплатливост на долгот.

**7.2 Наод**

Општината не пресметува и не наплатува камата за износот на комуналните такси кој не е платен во пропишаниот рок назначен во решението, што не е во согласност со одредбите од член 53 и 54 од Законот за даноците на имот.

Пресметувањето и наплатата на камата за побарувањата кои не се платени во утврдениот рок ќе има за ефект зголемување на остварените приходи од комуналмни такси и подобрување на наплатата на комуналните такси.

**Препорака 3:**

Помошникот раководител на сектор за финансиски прашања да превземи активности за пресметување на камата за побарувањата кои не се платени во утврдениот рок.

**7.3 Наод**

Во 2021 година 31% од решенија за комунална такса за истакнување на фирма не се конечно доставени до обврзниците заклучно со крајот на годината. Во последната недела од годината доставено е барање за објавување на јавна објава во дневни весници и „Службен весник на РСМ", како и на огласната табла на Општината. На 04 јануари 2022 година во „Службен весник на РСМ" објавена е јавната објава.

Согласно член 86 став 3 од Законот за општа управна постапка, известувањето по пат на службено објавување се смета дека е извршено по истекот на 10 дена од датумот на објавување. Во случајот, ако земеме во предвид дека објавата во „Службен весник" е извршена на 04 јануари 2022 година, службеното објавување за достава на 1530 решенија за комунална такса за 2021 година е извршено на 14 јануари 2022 година. Со други зборови, тоа значи дека 31% од решенијата за комунална такса за фирма за 2021 година се доставени на 14 јануари 2022 година.

Објавата во „Службен весник на РСМ" и дневните весници не ги содржи називите на фирмите, седиштето на правните лица, бројот на решението, согласно член 84 став 5 од Законот за општа управна постапка.

Временскиот период на достава на решенијата влијае на остварениот приход на општината од комунални такси. Ваквата состојба има за ефект помалку остварени приходи по основ на комунални такси.

**Препорака 4:**

Раководителот на одделението за администрирање на приходи да преземе мерки и активности:

- Објавата за недоставени решенија за комунална такса во дневните весници и „Службен весник" да ги содржи називите на фирмите, седиштето на правните лица, бројот на решението, согласно член 84 став 5 од Законот за општа управна постапка;
- Доставата со јавна објава на решенијата за комунална такса да се врши благовремено, за да се овозможи регуларност на процесот и оптимално остварување на приходот од комунална такса на општината.

**7.4 Наод**

Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси бр.07-711/9 од 18.07.2005 година донесена од Советот на Општина Битола и нејзините измени и дополнувања бр.07-3337/7 од 14.12.2007 година и бр.07-3787/6 од 29.12.2008 не е усогласена со Тарифата за комунални такси утврдени со Законот за комунални такси („Службен весник на РМ" бр.61/04,64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16). Во член 2 тарифен број 1 точка (в) од Одлуката е утврдена тарифата за комунална такса за фирма за продавници, киосци, деловни единици и слично во износ од 5.000 денари. Тарифата за комуналните такси од Законот за комунални такси, за оваа категорија на деловни субјекти предвидува такса во фиксен износ од 2.000 денари. При изготвувањето на решенијата за комунална такса се пресметува износ од 2.000 денари.

**Препорака 5:**

Помошникот раководител на сектор за финансиски прашања да предложи акт до Советот на Општината со кој ќе се изврши усогласување на Одлуката за определување на висината за комуналните такси со релевантната законска регулатива.

**7.5 Наод**

Изготвени се пишани процедури за начинот на одвивање на процесот на утврдување и наплата на приходите од комуналните такси, согласно Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.14/2010) и тоа:

- Упатство за издавање на решенија за комунални такси бр.29-2800 од 21.11.2011 година
- Упатство за присилна наплата и опомени бр.2904-2801 од 21.11.2011 година.

Со извршената ревизија во 2020 година, внатрешниот ревизор укажа дека во пишаните упатства не се опфатени целосно сите активности во процесот на администрирање на приходите од комунални такси, како: евидентирањето на побарувањата, евидентирањето на доставата на решенијата, евидентирањето на доставата на опомените. Со упатствата не се утврдени роковите во кои се извршуваат поединечните активности: во кој рок се врши усогласувањето на базата на податоци за обврзници на комуналните такси со базата на податоци од Централниот регистар на

РСМ, во кој рок се утврдуваат решенијата за комунална такса, во кој рок се врши печатење на решенијата, во кој рок се врши доставата на решенијата за комуналните такси, во кој рок се врши достава на опомени за ненавремено плаќање на таксите, во кој рок се изготвуваат и доставуваат решенијата за присилна наплата и слично. Неутврдувањето на точни и прецизни рокови влијае на ажурното извршување на поединечните активности во процесот и го оневозможува ефективното и ефикасно спроведување на процесот.

**Препорака 6**

Помошникот раководител на сектор за финансиски прашања да изготви процедури за администрирање на комуналните такси во кои ќе бидат опфатени сите активности на процесот, носителите на активностите и роковите за нивно извршување.

## 8. Оценка на дизајнот на контролниот систем и ризиците

Во услови на овој вид контролно опкружување и организациона поставеност, дизајнот на контролниот систем е оценет како делумно задоволителен заради недоволната кадровска екипираност на одделението во делот на присилна наплата на даночните долгови. Систематизирано е само едно работно место за даночен извршител. Бројот на даночни обврзници на општината по основ на комунални такси и даноци на имот како и ненаплатените побарувања од минати години за комунални такси и данок на имот ја наметнуваат потребата од зголемување на бројот на даночни извршители.

Ризикот за целосно и правилно извршување на стручните, административните и техничките работи од процесот е оценет како висок заради констатираните слабости на контролата заради ненавремената достава на решенијата за комунална такса, неизвршувањето на работите и работните задачи за праќање опомени и неспроведување на присилна наплата на доспеаните даночни долгови од комуналните такси.

Ревизијата евидентира постоење на високи регулторни ризици заради неизвршување на законски обврски предвиидени со Законот за комуналните такси и Законот за даноците на имот. Ревизијата евидентираше и високи финансиски ризици заради неповратно губење на значаен дел на финансиски средства во буџетот на општината заради неспроведување на мерки за навремена наплата на побарувањата.

## 9. Мислење

Не се преземени соодветни мерки и активности за спроведување на препораките дадени за подобрување на процесот на администрирање на комуналните такси. Ниту една од дадените девет препораки не е спроведена. Функционирањето на системот на интерна контрола во процесот на администрирање на комуналните такси ревизијата го оцени како незадоволително заради неажурноста во доставата на решенијата за комунална такса, нискиот процент на наплата на комунални такси и неспроведувањето на мерки за навремена наплата на даночните долгови.

Република Северна Македонија, Општина Штип

Внатрешен ревизор,
Аница Тантарова Георгиевска

# АКЦИСКИ ПЛАН

Ревизорски извештај број 60-01/14 од 22.03.2022 година

| Препорака број | Препорака | Приоритет | Договорени активности (да/не) | Одговорно лице | Датум на имплементација |
|---|---|---|---|---|---|
| П1 | Помошникот раководител на сектор за финансиски прашања да превземи активности за следење на отворањето на стечајни постапки на правни лица кои се јавуваат како даночни должници на Општината, заради навремено пријавување на побарувањата кај стечајните управници. | висок | | | |
| П2 | Отписот на побарувањата на општината по основ на даночни долгови да се врши со одлука од орган на општината, со претходно спроведени активности на утврдување на причините за ненаплатливост на долгот. | висок | | | |
| П3 | Помошникот раководител на сектор за финансиски прашања да превземи активности за пресметување на камата за побарувањата кои не се платени во утврдениот рок. | висок | | | |
| П4 | Раководителот на одделението за администрирање на приходи да преземе мерки и активности:<br>- Објавата за недоставени решенија за комунална такса да ги содржи називите на фирмите, седиштето на правните лица, бројот на решението, согласно член 84 став 5 од Законот за општа управна постапка;<br>- Доставата со јавна објава на решенијата за комунална такса да се врши благовремено, за да | висок | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | се овозможи регуларност на процесот и оптимално остварување на приходот од комунална такса на општината. | | | | |
| П5 | Помошникот раководител на сектор за финансиски прашања да предложи акт до Советот на Општината со кој ќе се изврши усогласување на Одлуката за определување на висината за комуналните такси со релевантната законска регулатива. | висок | | | |
| П6 | Помошникот раководител на сектор за финансиски прашања да изготви процедури за администрирање на комуналните такси во кои ќе бидат опфатени сите активности на процесот, носителите на активностите и роковите за нивно извршување | висок | | | |

Изготвил,
Аница Тантарова Георгиевска

Одобрил,

Бр. 60 – 01/12
16.03.2020

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

До

Аница Тантарова
Соработник – Сектор за ревизија

Примено 16.03.2020

**Предмет: Забелешки по однос на Претходен извештај бр.60-01/09 од 02.03.2022 година**

По однос на погоренаведениот извештај ги давам следните забелешки :

1 - Извештај бр.60-01/8 од 30.03.2020 година. Во овој извештај предмет на извршена ревизија е "Системот на внатрешна контрола на процесот на прибирање на приходи во одделението за администрирање на приходи на општина Битола во 2018 и 2019 година"

2 - Предметниот извештај ( бр.60-01/8 од 30.03.2020 година ) е доставен до "Раководителот на одделение за администрирање на приходи....и да на секои три месеци треба да известувате за постигнатиот напредок во спроведувањето на препораките, согласно временската рамка утврдена во акцискиот план"......

3 – Во овој извештај се дадени препораки како :

***Препорака бр.1**-Ревизорот наведувајќи ги препораките ( на стр.11 ) за раб.место-шифра УПР 0101Б02000- Ниво Б2-..."утврдување, печатење и достава на решенијата за комунална такса за истакнување на фирма....."
- за во претходните редови на стр.11 наведе " градоначалникот на општината донесува решение за висината на данокот и му ги доставува на даночниот обврзник"...
**Во описот и попис на работни задачи на ова работно место е " е за ефикасно и ефективно организирање, следење и реализација на утврдување и наплата на даноците, таксите и др.надоместоци што се приход на општина Битола"

***Препорака бр.5**- Ревизорот наведувајќи ги препораките ( на стр.14 ) за раб.место – шифра УПР 0101Б02000-Ниво Б2- " да обезбеди одделението за администрирање на приходи кадровски да се екипира со доволен број на даночни извршители за да може да се спроведе присилна наплата на даночните долгови на општината"-не е во надлежност на Раководителот на сектор.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61    7000 Битола    Република Македонија
тел: 047 208 332    факс: 047 208 307    e-mail: natasal@bitola.gov.mk    www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

***** останати препораки....... ревизорот дава препораки кои не се во надлежност на Раководителот на сектор за финансиски прашања.**

**КОНСТАТАЦИЈА:**
**Ревизијата-контролата е во одделението за администрирање на приходи на општина Битола каде што е назначен Раководител на одделение за администрирање на приходи на општина Битола и на кого е доставен истиот, а не е до Раководител на сектор за финансиски прашања.**
**Ревизорот излегол од рамките на своите овластувања со тоа што им налага на дел од вработените со неговите препораки да извршуваат задачи и спроведуваат дејствија кои не им се во попис и опис на работните задачи по систематизација.**

4 – Извештај број 60-01/9 од 02.03.2022 година. Во овој извештај предмет на извршена ревизија е Конечниот ревизорски извештај бр.60-01/14 од 14.04.2020 год. " ...од **извршена ревизија на системот на внатрешна контрола на процесот на прибирање на приходи во општина Битола" ..од 2018 и 2019.**

5 – Во овој извештај ( на стр.9,18,21 во препораките ) ревизорот повторно излегол од своите овластувања и на свој начин им налага т.е. им додава на дел од вработените да извршуваат задачи и спроведуваат дејствија кои не им се во попис и опис на работните задачи по систематизација.

6 – Во извештајот повторно се прикажуваат и наведуваат препораките од извештајот број 60-01/8 од 30.03.2020 година каде препораките под точка 7-стр.22 – дава препораки за помошник раководител на сектор за финансиски прашања во кои препораки од Акцискиот план од 02.03.2022 е контрадикторен со претходниот каде овие препораки не се опфатени, а се опфатени и препорачани за раководителот на сектор за финансиски прашања.

***Препорака бр.7-** Ревизорот наведувајќи ги препораките ( на стр.18 ) повторно ги упатува до раководителот на сектор, препорачува наплата на комунална такса за поставување витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории....
-ревизорот треба да знае дека какво барање странката поднесува, службите такво одобрение издаваат, врз основа на поднесениот елаборат, без да гледаат што трговецот таму продава и дали продава нешто или со која дејност се занимава. За тоа постои комунална инспекција во општината што на лице место ( не терен ) оди и го проверува тоа. Повторно се даваат работни задачи на вработени кои не се по опис и попис за нивното работно место.

***Препорака бр.9** – Ревизорот наведувајќи ги препораките ( на стр. 21 ) .... "Раководителот на сектор за финансиски прашања да побара од трговското друштво

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: natasal@bitola.gov.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

надлежно за дистрибуција на ел.енергија да достави податоци за бројот на обврзници по категории....”
- овај проблем е на државно ниво и покрај сите напори да се добијат информациии, проблемот е **нерешлив**. И повторно не е во надлежност на раководителот ( помошникот раководител ).

**КОНСТАТАЦИЈА :**
**Во рамките на моите овластувања во ниеден момент по однос на препораките за 2018, 2019 не биле наведени, во извештајот како задолженија или препораки за помошник раководител на сектор за финансиски прашања, истите биле за раководител на сектор за финансиски прашања, а контролата пак е во одделение за администрирање на приходи – шифра УПР 0101Б04000 ниво Б4. Препораките во Акцискиот план кои ревизорот ги оценува со висок приоритет се исто така пречекорување на моите надлежности како помошник раководител на сектор.**
***П1 – овај приоритет е од правен аспект и се однесува на правник во одделението**
***П2 – овај приоритет е сеопфатност на сите служби во секторот**
***П3 – одлуката за пресметувањето на камата е одлука на повисок орган со оглед на тоа што никогаш не се пресметувала до сега ( имало еден обид во 2016 год.каде по реакција на граѓаните каматата се отпиша на Совет и имаше безуспешен обид)**
***П5- не е во опис и попис на работни задачи ниту пак имам било какви овластувања за ова**
***П6 – Процедурите не ги изготвува пом.рак. на сектор**

Битола, 15.03.2022

Помошник раководител на сектор за финансии

Наташа Лукиќ

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: natasal@bitola.gov.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
*Сектор за финансиски прашања*

До
**Сектор за Внатрешна ревизија**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 15-03-2022

| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03/22 | 977 | | |

Примено на 17.03.2022

Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола
и ревизија на усогласеност

Предмет:Информација

Во врска со Ваш бр.60-01/14 од 14.04.2020 година,се надоврзувам на сегашен ваш извештај бр.60-01/09 од 02.03.2022 година.
Ви ги доставувам моите согледувања за **ИЗВРШНО РЕЗИМЕ .**

**Точка 1.1** Предметот на извршената ревизија се остварувањата на комуналните такси во претходниот ревизорски извештај бр.60-01/14 од 14.04.2022 година.Треба да се нагласи а што е пропуштено во период на почеток на пандемијата од корона вирусот,а тоа знаци работа во смени и минимален контакт прво со вработените а и со надворешните институции. Дадени Наредби од комисијата за заразни болести а со тоа и од Градонацалничката на Општина Битола.
Важеше забрана за комуникација на странки.Прием во холот на Општината.
Исто така и забрана за движење на странки по канцелариите.
Организацијата на работата на одделението ја правеа раководните лица во општината без мое консултирање.

**Точка 1.2.** Во овој период од **01.01.2020-31.01.2020** година остварувањето на комуналните такси изнесува:**планиран се 164.430.618** денари **остварени се 140.132.146** денари или **24.298.472** денари **разлика** или **85,22 % остварување.**

ОПШТИНА БИТОЛА
*Сектор за финансиски прашања*

За периодот **01.01.2021-31.01.2021** година остварувањето на комуналната такси изнесува:**планирани се 225.889.000** денари, **остварени 178.276.380** денари или **разлика** од **47.612.620** денари или **78.92% остварување**.

Точка 1.3.

Во 2018 и 2019 година решенијата биле навремено изготвени во рок предвиден со закон заклучно 31 март за тековната година.за која ке Ви приложам писма со кои ги имаме доставено до избраните фирми за извршување на печатарските услуги.

Последно писмени опомени се издадени за 2017 година но без решенија за присилна наплата така одлучија секретарот грдоначалничката и раководителот на сектор за финансиски прашања.

**Им врачив известување за застарување на комуналните такси и даночните задолженија како и присилната наплата на истите согласно закон на ден 23.03.2018 година како раководител на одделението за администрирање на приходи,не беше постапено по истото.**

**На ден 06.03.2008година до советот на општина Битола е даден предлог за извршување на траен отпис на даночни обврски по основ на застареност како предлагач е Градоначалник на Општина Битола Владимир Талевски.**

За присилната наплата не одлучува раководителот на одделението за администрирање на приходи туку тоа е претворено во политичка одлука на градоначалник, секретар и раководител на сектор за финансиски прашања.

Не е точно дека не се спазуваат рокови за доставување на изготвени решенија за комунална такса и данок на имот,за тоа ке Ви потврдамсо датуми кога им се испратени за печатење на избраните фирми.

Ќе Ви потврдам и со писмени извештаи дека бев терана во време кога треба да се испракаат решенијата се одолговлекуваше со барање од мене да се достават писмени извештаи од македонски пошти од други фирми кои вршеа достава како и од извештај од претходни години кога решенијата ги носеле физички лица.Сето тоа и писмено ке го аргументирам.Сепак после многу долг период од раководните лица беше одолговлекувано и дури до јуни месец,без некој посебен ангажман за побрзо да се отпочни со нивна достава.

"Булевар 1ви Мај" 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234; 208 340 факс: 047 238 723 е-маил: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
*Сектор за финансиски прашања*

За да кулминира со доставата за решенијата за 2021 година кои беа доставени за печатење на ден 24.03.2021 година а човекот беше многу ажурен и ги достави на ден 14.04.2021 година.

Преку агенција беа вработени лица на неопределено време од 6 месеци од 15.06.2021 во период од 6 месеци во кој беше одржан и состанок со доставувачите, сепак доставата заклучно 31.10.2021 година беше многу неуредна.(чест на исклучоци)
Градоначалничката и Секретарот беа информирани а раководителот на сектор за финансиски прашања беше и присутна на одржаниот состанок. Изостана нивниот ангажман а тие ги ангажираа лицата за достава.
Јас во таа ситуација покрај вработените доставувачи ги ангажирав и вработените во архивата со цел да се испратат решенијата преку пошта.
Кога сумата надмина 300.000 денари добив опомена од Помошник Раководителот на Сектор Игор Талевски да прекиниме со испраќањето преку пошта.Ги искористивме сите механизми испраќање преку вибер , е-маил.Сите што се јавуваа им беше доствено решение во најкраток можен рок за што добивавме многу благодарност кон нас вработените од одделението за администрирање на приходи. Во секој момент сум спремна да ги покжам коментарите од странките за ажурност во одговорите на нивните барања.
За кадровската не екипираност во седмичните извештаи им укажував во писмена форма за кои работни места ке треба да се пополнуваат бидејки во моментот е дојдено во прашање нормалното функционирање на одделението за администрирање на приходи.Ваквите забелешки се без основа, упатени се на погрешна адреса

Во поглед на опомените има прозорче каде стои последно испратени опомени во 2017 година.Последно испратени опомени во 2017 година кога дозволиле Секретар-Слободан Најдовски и Градоначалник-Наташа Петровска.
Во програмата LTAS што ја користиме во нашето одделение за администрирање на приходи има опомени прозорце во сите модули:данок

"Булевар 1[ви] Мај" 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234; 208 340 факс: 047 238 723 е-маил: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

на имот,комунални такси,книговодство,како и за данокот на промет на недвижности и права и во наследство и подарок.Побарувањата за комунални такси неможат да се јават во сомнителни и спорни не се фактури тие се решенија за комунална такса кои без одлука на совет или решение градонлник никој не можи во нашето одделение да ги отпиши .
Тоа беше укажано и на претходната градоначалничка за што ќе прочитате во допис од 23.03.2018година.
Комуналните такси за поставување на урбана опрема се наплатуваат од моментот кога за тоа се договориле претходните градоначалници и предложиле до советот, а ние ги почитуваме одлуките на советот.Тие и во периодот на пандемијата беа со одлука на совет намалени од 15 ден за м2 на 5 денар за метар2.
За објавите и огласите е задолжено одделението за имоти ако тие не доставиле задолженија која е нашата вина .Ние сме одделение за администрирање на приходи.
Даночните и комуналните инспектори се тие што ги согледуваат таквите проблеми со неиздавање фактури за користење на рекламни паноа мислам припишувањето на ваквите недоследности на нашето одделение мислам е не основано.
Колку средства собира ЕВН од комунална такса за улично осветлување го контролира одделението за финансии преку сметководствено сложување или да пратат комунални инспектори да извршат увид на собраните средства.Нашето Одделение би било  не ажурно да не ги евидентира тие приходи и затоа и оваа забелешка е неоснована.(тарифен бр.10)
Комуналната такса за користење на на улиците со патнички,товарни моторни воозила,автобуси и специјални возила и моторцикли што се плаќаат при регистрација  на возилата.Правните лица ги уплаќаат овие средства во републичкиот буџет од каде трезорот уплаќа средства по системот на тарифен модел бр.9(тарифен бр.9).За овие приходи не изготвуваме решенија приходи доаѓаат од републичкиот буџет.
И за овие приходи не е наша надлежност.

**ОПШТИНА БИТОЛА**
*Сектор за финансиски прашања*

**1.4.**Мерки се во секој поглед превземени и на 85% остварување на комуналната такса на која соодвествуваат и трошоци не се работи за не спроведување на препораките.

Ако ние не го оствaруваме планираното би се јавил дефицит.А нормално си се одвиваат сите трошоци.

По целисходно би било да се контролираат трошоците,во општината Битола.

А сите забелешки се тенденциозни и намерни бидејки за се имаме одговор бидејки станува збор за неинформираност.

**1.5.**Во анализата на следните под точки ви образлагам:

-Отворани се редовно Стечајни постапки за кои ке ви доставиме папка со прилози.

-Каматата **ПРЕТХОДНО СЕ НАПЛАЌАШЕ** но поради револт на граѓаните со одлука на совет беше стопирано засметување каматите на данокот на имот и комунални такси а за данокот на промет на недвижности се засметува после 15 дена од приемот на решението камата на основниот долг по 0,05% на основниот долг.

Ние во одделението за администрирање на приходи ги следиме решенијата на градоначалниците,секретарите и претседателите на совет.(прилог одлука за укинување на камата).

-Доставата на решенијата со јавна објава е навремнена бидејки до крајот на годината се книжат доставниците за решенијата за данок на имот и комунални такси и тогаш се согледува кои не се доставени.Тогаш се прави јавна објава во дневно гласило и службен весник и тоа е по ЗОУП .

А се прави само јавната објава без списоци бидејки личните податоци се забранети да се објавуваат јавно по законот за заштита на личните податоци.Затоа списоците не се објавуваат во јавно гласило и Сл. Весник.

Тие се објавуваат во Општина Битола на шалтерот за даноци и можи секој да си ги подигни.

И оваа тенденцијоз на **ЗАБЕЛЕШКА ВИ ПРОПАЃА** .Тоа и сега можете да го побарате на шалтерот и било која друга странка а да бидат заштитени личните податоци.

**Посочете објава на друга Општина каде во Сл. Весник се објавуваат списоци си даночни и матични броеви.**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
*Сектор за финансиски прашања*

-**Одлуката е направена по тарифникот воТарифен бр.1 тие повремено што функиционираат кај нас не се регистрирани ако има такви си имаме по тарифи за комунални такси ,тарифен бр.1 под в) став два деловни простории на трговски друштва и други правни лица како и на откупни пунктови кои дејствуваат ПРИВРЕМЕНО од 2.000 – 4.000.Ако се појават или ако ги фати даночниот инспектор рачно ке ги задолжиме.**
Значи не е доволно разбрана тарифата и одлуката.

П Р И Л О З И:
**1.Тарифен број 9**
**2.Тарифен бр.10**
**3.Два одговори за жалба за камати**
**4.Предлог до Совет на Општина Битола за донесување**
**ОДЛУКА за отпис на камата за задоцнето плаќање по основ на данок на имот и комунални такси**
**5.Известување за застарување на комунални такси и даночни задолженија како и присилна наплата на истите согласно закон**
**6.ПРЕДЛОГ(За извршување на траен отпис на даночни обврски по основ на застареност)**
**7.Папка за увид во канцеларија бр.23 за побарувања,поврат за работа и С Т Е Ч А И**

Раководител
Одделение за администрирање приходи
ТАТЈАНА ТАНЧЕВА ПЕТКОВСКА

15.03.2022

"Булевар 1ви Мај" 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234; 208 340 факс: 047 238 723 е-маил: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk